
207
207 / 207 SW
PEUGEOT




# PEUGEOT 207, МОДЕЛ ЗА ПРИМЕР

Современите технологии го менуваат светот кој не опкружува. Авангардната естетика, чистите линии и динамичноста во секој детал на новиот Peugeot 207 се совршен одраз на таа преобразба.

Заоблените линии на предниот крај, мачкастиот изглед на фаровите, уште поелегантната предна маска и задните фарови со диодни светла*



правaт да новиот Peugeot 207 изгледа подинамичен, како никогаш до сега.

Смелиот однос на неговата тежина и волумен, оддава чувство на сила, моќ и цврстина, дури и кога не се движи.
Веќе по првото седнување зад управувачот на новиот Peugeot 207 ќе Ви остави силен впечаток.
Ќе почувствувате неспоредлив напредок на перформансите на штедливите мотори и комфорот на кој е посветено внимание до најситниот детал, а внимателно избраната опрема е осмислена да Ви пружи чувство на удобност и безбедност. По ова искуство, ќе го смените дотогашниот поглед кон светот.

* Достапно кај 207



# PEUGEOT 207 SW ПРАКТИЧЕН И ОСВЕТЛЕН

Со уште поголем корисен простор, голема стаклена површина и исклучителна практичност, новиот 207 SW се издвојува од конкуренцијата. Во продолжение на ветробранското стакло, импресивниот панорамски стаклен кров* со површина од 1,1 m² внесува природно светло во патничката кабина и го надополнува неговиот флуиден дизајн.

Новиот 207 SW го покажува својот статус преку неговиот изглед. Неговиот надворешен дизајн еволуираше со новиот преден дел, кој ја комбинира природната енергија, новиот имиџ на спокојство и задните светла кои заедно ја сочинуваат хармоничната форма. Задното стакло со можност за посебно отворање** совршено е вклопено како би се добило чувство на максимална просторност.

* Достапно како стандард или како дополнителна опрема во зависност од изведбата.
**Достапно во зависност од изведбата.




207 SW

# ЗАДОВОЛСТВО И ТЕХНОЛОГИЈА

Секој детал, од обработката на централната конзола, спортскиот управувач или дизајнот на инструмент таблата, се израз на уникатноста на новиот Peugeot 207. Со добриот изглед можете да ги откриете и новите елегантни детали и облогите на внатрешноста, совршено вклопени со хромираните детали на вентилационите отвори.







**Висока Технологија**
Неколку системи за помош при возењето придонесуваат за Вашето чувство на задоволство и безбедност додека сте зад управувачот: регулатор и ограничувач на брзината*, предни бришачи со автоматско активирање*, фотосензибилен внатрешен ретровизор* со заштита од јака светлина, детектор за притисок во пневматиците*, звучна и графичка помош при паркирање наназад*, надворешни ретровизори со автоматско склопување* при централно заклучување на вратите.

* Достапни како стандард или опција во зависност од изведбата.

**Мултимедија**
Peugeot 207 и 207 SW може да бидат опремени со следните интерактивни телематски системи:

- Радио CD MP3 WIP Sound со WIP Bluetooth® како опција* (USB приклучок за приклучување на портабл опрема, интегриран Bluetooth® hands-free сет и опции за слушање на музика од Вашиот Bluetooth® компатибилен мобилен телефон).
- WIP Nav** hands-free навигационен сет (радио CD RDS MP3, Bluetooth® интегрален handsfree сет, 7” 16/9 екран во боја GPS Европски навигационен систем и RCA аудио приклучок во внатрешниот дел на преградата за ракавици).

* Во припрема.
** Достапно во зависност од изведбата.

**Панорамски кров**
Комфорен и осветлен простор за патниците опремен со темноизолиран панорамски стаклен кров*. Мобилен електричен штитник по потреба овозможува заштита од сонце.

* Достапно во зависност од изведбата.

Кровните носачи се достапни во зависност од изведбата









# МАКСИМАЛЕН ПРОСТОР, МИНИМАЛЕН НАПОР

Можноста за модификација на просторот во кабината на Peugeot 207 SW е неограничена, каде модуларноста во ниеден случај не е на штета на комфорот. Во зависност од тоа дали патувате на подолг одмор со своето семејство или превезувате предмети со различни димензии, просторот во кабината го прилагодувате на моменталните потреби.

**Модуларност**
Задната клупа со едноставен чекор можете посебно да ја преклопите, 2/3-1/3. Со потполното преклопување се добива рамен под, практично решение за утовар на големи предмети.

**Багажен простор**
Запремнината на багажникот се движи од 428 литри под покривачот на багажникот со подигнат наслон, до 1433 литри со оборен наслон на задната клупа. Стаклото на задната врата кое може да се отвори* овозможува брз и лесен пристап до багажникот, особено во услови кога на паркинг местото е оневозможено отворање на задните врати.

* Достапно во зависност од изведбата.

**Практични прегради**
Исто како кај моделот Peugeot 207 така и кај 207 SW ќе забележите многубројни прегради распоредени по целата кабина: внатре и над преградата за ракавици, под радиото, во предните и задни врати, како и на централната конзола, а тука се и двата држачи за чаши.


207 SW

# PEUGEOT 207 SW OUTDOOR
# СОЗДАДЕН ЗА АВАНТУРА

Peugeot 207 SW Outdoor, е наменет за оние кои сакаат нови искуства. Тој ќе одговори на очекувањата особено на оние кои често бегаат од секојдневието, љубителите на спортот и рекрацијата, како и на оние на кои им е потребно повеќенаменско возило. Проширувањето над предните и задни тркала, предниот браник, зајакнувањата под задниот браник, како и кровните носачи го нагласуваат неговиот неповторлив масивен изглед и се одраз на неговиот авантуристички дух.



# RC, СПОРТСКИ ДУХ СО БОГАТА ТРАДИЦИЈА

Peugeot 207 RC и 207 SW RC, со своите перформанси и нивото на безбедност, кои ретко се сретнуваат кај автомобили од оваа категорија, ја претставуваат иновативната технологија на компанијата Peugeot. 207 RC и 207 SW RC се препознатливи кај добрите познавачи на автомобили по својот елегантен стил и спортскиот дух.

**Спортски ентериер**
Спортските предни и задни седишта од типот кадичка* кои при големи брзини пружаат безбедна положба и на возачот и на останатите патници, специфичниот ентериер и декор, хромираните рабови на инструмент таблата, алуминиумските педали - сите овие детали, исклучително наменети за RC, допринесуваат да изгледот во кабината биде типично спортски.

* Достапно само кај 207 RC.

**Мотор 1.6 THP 16V 175 KC**
Опремена со овој мотор, возењето во 207 RC претставува единствено доживување, промената на брзините е енергична, а движењето слободно и неиспрекинато без оглед на бројот на вртежите на моторот.




207 RC


207

# ИЗБЕРИ ГО СВОЈОТ РИТАМ!

Широката понуда на достапни мотори кај Peugeot 207 и 207 SW Ви дава можност да го ускладите својот темперамент со темпераментот на својот автомобил. За било кој мотор да се одлучите, бензински или дизел, нема да погрешите бидејќи секој на свој начин ќе Ви овозможи максимално уживање во возењето.

**Бензински мотор**
**1.4L 75 KC**
Благодарение на неговите одлични перформанси, на најдобар начин можете да ги искористите динамичките карактеристики на Вашиот Peugeot 207. Моторот се покажа како беспрекорен и штедлив кога е во прашање потрошувачката.

**1.4L VTi и 16V 95 KC**
Овој мотор со запремнина 1.4L и 95 KC се одликува со континуирано варијабилно подигање на вентилите со временска контрола на вбризгување (VTi – Variable valve lift and Timing injection). Оваа технологија овозможува зголемување на силата на вртежниот момент на моторот со намалување на потрошувачката на гориво.

**1.6L VTi 16V 120 KC**
Овој мотор со запремнина од 1598 cm³ чие вбризгување го вршат 16 вентили, истовремено ја одликуваат хировитоста и послушноста во секоја ситуација зад управувачот. Големата сила на овој тип на мотор мотор влијае на нагли забрзувања и адреналинско уживање во возењето, особено кај верзијата со автоматски менувач, како кај берлините со 5 врати и SW.

**1.6L THP 16V 150 KC***
Овој мотор поседува извонреден вртежен момент кој му обезбедува врвни спортски перформанси и енергична промена на брзината дури и при минимален број на вртежи. Turbo high pressure: Турбо мотор со вбризгување под висок притисок.

* Достапен само кај 207.

**1.6L THP 16V 175 KC***
Врвните перформанси, кои се подобри од перформансите на најдобрите мотори на пазарот со запремнина од дури 2 литри, овој турбо мотор наменет за Peugeot 207 RC, конструиран е така да ги користи достигнувањата на најновата технологија: директно вбризгување, максимална сила и ниска потрошувачка таканаречена overboost** технологија, со која се подига вртежниот момент при големи оптоварувања зголемувајќи го притисокот на дополнителното напојување и така наречената Twin Scroll*** технологија, која го намалува времето на одзив на турбо полначот.

* Достапно само кај RC.
** Привремен дополнителен вртежен момент.
*** Twin Scroll е тип на турбо полнач кој има разделен влез во турбините во две количини.

**Дизел мотори**
**1.4L HDi 70 KC***
Благодарение на HDi технологијата на овој дизел мотор, ќе бидете одушевени со новите можности на Вашиот автомобил.

* Достапен само кај 207.

**1.6L HDi 16V 90 KC**
Овој HDi мотор со својата умерена тежина Ви овозможува да на најдобар начин добиете на динамичност и економичност.

**1.6L HDi 16V 110 KC FAP**
Моќноста, која ќе Ви биде повеќе од доволна, како и енергичниот премин во повисок степен на пренос, се главни особености на овој мотор, а вградениот филтер за честички е доказ дека посебно внимание е посветено на грижата за зачувување на животната средина. Со овој мотор и физички можете да ги почувствувате сите предности на високата технологија и кога станува збор за перформансите и кога се работи за животната средина.

# ВО ПРЕСРЕТ НА ИДНИНАТА

Peugeot веќе неколку години по ред произведува автомобили кои се конструирани за да се заштити животната средина особено благодарејќи и на програмата Blue Lion®, која веќе покажува конкретни резултати:

- Од 2000 година, Peugeot продаде повеќе од 2.000.000 патнички возила.
- Во 2008, Peugeot ја зајакна својата позиција Европски* лидер во сегментот на возила со емисија на $CO_2$ помала од 120g/km. Неговото учество на пазарот во овој поглед е 15,4%. Така во 2008, едно возило од шест продадени во 14 европски земји, е Peugeot, со емисија на $CO_2$ помала од 120g/km.
- Сите возила од брендот Peugeot се произведени во фабрики кои поседуваат сертификат ISO 14001, а процентот на искористеноста на отпадот при рециклирање е проценет дури на 95%.

*Европа - 14 земји - извор A.A.A



Автоматски менувач

# ПОТРОШУВАЧКА НА ГОРИВО - ГАМА НА БЕНЗИНСКИ МОТОРИ

| Мотори | | | Потрошувачка на гориво (L/100km)* | | | $CO_2$ (g/km) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Во град | На отворен пат | Комбинирана | Комбинирана |
| 207 | 1,4L 75 KC | BVM5 | 8,7 | 5,0 | 6,4 | 147 |
| | 1,4L VTi 95 KC | BVM5 | 7,9** | 4,8** | 5,9** | 140** |
| | 1,6L VTi 120 KC Euro 5 | BVM5 | 8,1 | 5,0 | 6,1 | 141 |
| | | BVA4 | 9,7 | 5,3 | 6,9 | 160 |
| | 1,6L VTi 120 KC | BVA4 | 9,8 | 5,5 | 7,0 | 165 |
| 207 SW | 1,4L 75 KC | BVM5 | 8,9 | 5,2 | 6,6 | 152 |
| | 1,4L VTi 95 KC | BVM5 | 7,9** | 4,8** | 5,9** | 140** |
| | 1,6L VTi 120 KC Euro 5 | BVM5 | 8,4 | 5,0 | 6,2 | 143 |
| | 1,6L VTi 120 KC | BVA4 | 9,8 | 5,5 | 7,0 | 165 |
| SW Outdoor | 1,4L VTi 95 KC | BVM5 | 8,2 | 5,2 | 6,3 | 150 |
| | 1,6L VTi 120 KC Euro 5 | BVM5 | 8,5 | 5,2 | 6,4 | 148 |
| 207 RC | 1,6L THP 175 KC | BVM5 | 9,9/10,2 | 5,7/5,9 | 7,2/7,4 | 171/175 |

BVM5 = мануелен менувач со 5 брзини. BVA4 = автоматски менувач со 4 брзини.
* Според 99/100/CE.
** Возила опремени со гуми за заштеда на енергија.

# ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Филтер за честички (FAP)**
Секој дизел мотор при согорување произведува честички на чад. Затоа во Peugeot е конструиран FAP филтерот за честички кој ја намалува нивната емисија на едвај мерливо ниво (0,004 g/km) како би ја заштитил животната средина, а да не ги намалува перформансите на Вашиот Peugeot 207.

**Индикатор за промена на степенот на пренос***
Благодарение на овој индикатор* можете да го одберете степенот на пренос кој во дадениот момент најдобро одговара на условите и стилот на возење, со што ја намалувате потрошувачката на гориво и допринесувате за чување на животната средина.

*Достапен на моделите опремени со автоматски менувач и мотор Euro 5.

# ПОТРОШУВАЧКА НА ГОРИВО - ГАМА НА ДИЗЕЛ МОТОРИ

| Мотори | | | Потрошувачка на гориво (L/100km)* | | | $CO_2$ (g/km) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Во град | На отворен пат | Комбинирана | Комбинирана |
| 207 | 1,4L HDi 70 KC | BVM5 | 5,7 | 3,7 | 4,4 | 117 |
| | 1,6L HDi 90 KC | BVM5 | 5,7 | 3,7 | 4,4 | 117 |
| | 1,6L HDi 110 KC | BVM5 | 6,2 | 4,1 | 4,9 | 129 |
| | 1,6L HDi 110 KC FAP | BVM5 | 5,8 | 3,8 | 4,5 | 120 |
| 207 SW | 1,6L HDi 90 KC | BVM5 | 5,7 | 3,9 | 4,5 | 119 |
| | 1,6L HDi 110 KC FAP | BVM5 | 5,8 | 3,8 | 4,5 | 120 |
| SW Outdoor | 1,6L HDi 90 KC | BVM5 | 5,8 | 4,1 | 4,7 | 125 |
| | 1,6L HDi 110 KC FAP | BVM5 | 6,2 | 4,3 | 5,0 | 130 |

FAP = Филтер за честички. BVM5 = мануелен менувач со 5 брзини.
* Според 99/100/CE.

# ИНТЕЛИГЕНТНА ЗАШТИТА

207 и 207 SW со своите перформанси како и со активната и пасивна безбедност им овозможуваат на патниците голема безбедност и спокојство во возењето.

**Систем на сопирање и ESP***
Системот на сопирање вклучува Anti-lock Brakes (ABS-систем против блокирање на тркалата), Emergency Brake Assistance (AFU-помош при принудно сопирање) и Electronic Brake Distribution (REF-електронско распределување на силата на сопирање). Последната генерација на системот ESP®* (electronic stability program-програм за електронска стабилност) е исто така достапна кај 207 SW. Тој вклучува подобрена контрола на држење на пат (ASR) која делува на системот за управување со моторот и сопирачките, како и системот на динамична контрола на стабилноста (CDS).

*Достапни како стандард или опција, во зависност од изведбата.

**SSP Систем**
SSP (Steering Stability Program – Програм за електронска стабилност на управувањето) ја комбинира електронската сила на управување на управувачот со ESP® системот. Оваа функција најдобро ја користи функцијата на сопирање на возилото, зголемувајќи ја неговата стабилност и намалувајќи го растојанието на сопирање.

**Автоматско палење на светла за опасност**
Во случај на изненадно сопирање, а со цел да веднаш се предупредат возачите зад Вас, автоматски се палат сите четри индикатори за правец, предупредувајќи ги останатите учесници во сообраќајот за потенцијалната опасност.

**Зајакната структура на возилото**
Неговата структура абсорбира голем дел од силата на ударот. Во случај на фронтален удар, склопливата шипка на системот за управување, го намалува ризикот на повлекување на управувачот, а со тоа се спречува навлегување на моторот и куќиштето на менувачот во кабината. Покрај тоа, тука е и активниот потпирач за ногата од страна на возачот, кој ја намалува можноста од повреда на зглобот.
Во случај на страничен удар, Ве заштитуваат силни странични појачувања.

**Безбедносни ремени**
Peugeot 207 и 207 SW е опремен со безбедносни ремени како стандардна опрема, кои поседуваат систем за предупредување.

**Воздушни перничиња**
207 SW е опремен со возачко и совозачко предно воздушно перниче чиј притисок се адаптира според силината на ударот, предни странични воздушни перничиња за заштита на карлицата, градниот кош и абдоменот на возачот и совозачот. Странични воздушни завеси* кои ја штитат главата на патниците.

* Достапни како стандард, опција или недостапни во зависност од изведбата.

**Isofix системи**
За да ја сочувате безбедноста на Вашето дете, во возилото можете да инсталирате детско седиште: задните странични седишта се опремени со два ISOFIX системи, секој со по три точки на прицврстување и предното совозачко седиште е опремено со контрола за деактивирање на воздушното перниче за да се овозможи инсталирање на детско седиште кое се поставува свртено со грбот кон правецот на движење, со што се обезбедува потполна безбедност во согласност со законот.




207



# БОИ И ОБЛОГИ

Металик или неметалик, класични или модерни, новиот 207 и 207 SW нудат широк избор на бои и фелни. Во зависност од изведбата, можете да одберете онаков ентериер каков што одговара на Вашиот карактер.

## МЕТАЛИК БОИ
(Во опција)


Плава Inari*


Плава Montebello


Сива Thorium*


Сива Aluminium


Сива Shark


Црна Obsidien

## НЕМЕТАЛИК БОИ


Бела Bianca


Црвена Aden**


Црвена Erythrée

* Бои кои не се достапни кај RC.
** Бои кои не се достапни кај 207 SW Outdoor.


Hobart 15'' наплатка*


Brisbane 15''наплатка*


Monaco 15'' фелна*


Canberra 16'' фелна*


Melbourne 17'' фелна*


Outdoor 16'' фелна*

* Достапно во зависност од изведбата.



Опција перфорирана кожа Grege*
*Достапно во зависност од изведбата.



Седишта со црн Alcantar - Достапно кај 207 RC



Опција перфорирана црна кожа Mistral*



Ткаенина Melila Grege Criolo - Достапно кај SW Outdoor


Ткаенина Melila Црна - Достапна кај SW Outdoor


Ткаенина Savana Црна Mistral - Достапна кај Urban


Ткаенина Chilico Црна Mistral* - Достапна кај Active


Ткаенина Chilico Grege* - Достапна кај Active


Ткаенина SPA Црна Mistral* - Достапна кај Premium


Ткаенина SPA Црна Grege** - Достапна кај Premium


207 SW

# PEUGEOT И ВИЕ

Мрежа и услуги

# 207/207 SW

Да одберете Peugeot, значи исто така дека располагате со огромна дилерска мрежа во склоп на која: приемот, професионализмот, перформансите на опременоста и квалитетот на услугите Ви гарантираат оптимално задоволство. Така Вие сте сигурни дека сте се обратиле кај специјалисти кои Ве слушаат, ги разбираат Вашите барања и одговараат соодветно и ефикасно. Има ли подобар и подоверлив бренд со кој би се врзале долгорочно?

**ЗА ВАШИОТ МИР**

**Peugeot гаранција**

Квалитетот кај Peugeot, е исто така состојба на духот: предности - во склоп на мрежата, гаранција на резервни делови и работна рака во траење од 2 години, неограничен број на поминати километри и 12 години гаранција од корозија.

**Peugeot пакети**

Проверки и Одржување, две единствени и персонализирани формули за слободно возење. Од помош на патот, до поправка во случај на дефект, заменување на изабени делови, Вие самите изберете го нивото на интервенција на Вашето возило и искористете ја гаранцијата за Peugeot квалитет. Така пред Вас се отвара цел еден ослободен простор.

**Палета оригинални резервни делови Peugeot**

Гаранција за квалитет, безбедност и доверливост, секој од нашите Peugeot оригинални резервни делови е тестиран и строго проверен за Ваша безбедност. Тие се под гаранција и со работна рака во мрежата Peugeot во траење од една година.

**Peugeot на интернет**

Откријте го Peugeot на интернет, посетете ја нашата адреса: http://www.peugeot.com

**Македонската интернет страница е:**
http://www.peugeot.com.mk

Во контекст на политиката на постојано подобрување на производот, Peugeot може во секој момент да ги модифицира техничките карактеристики, опремата, опциите и боите. Актуелните техники на фотографска репродукција не дозволуваат, верно репродуцирање на сјајот на боите. Така, оваа брошура која се состои од информации од општ карактер, не претставува обврзувачки документ.

За сите појаснувања или дополнителни информации, Ве молиме да се обратите кај Вашиот дилер. Делови од каталогот не смеат да бидат репродуцирани без наменска дозвола од Automobiles Peugeot.

WWW.PEUGEOT.COM.MK

Печат на импортерот / дилерот

PEUGEOT

Designed by: bd-ntwk – Publishing: Altavia Paris – Automobiles Peugeot
RC Paris B 552 144 503 – Printed in Macedonia – February 2010